СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р.Бугарија
подружница во Република Македонија
Бр. 0307/195
23.09.2022 год.

Архивски број: 03-4464/2 9907/2
Датум: 23-09-2022

АНЕКС НА ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки - електрична енергија заведен под бр.03-4464/1 од 18.04.2022 година и под бр.0307/121 од 28.04.2022 година

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и
2. СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р. Бугарија-подружница во Република Македонија, со седиште на бул.„Климент Охридски" бр. 52/4, 1000 Скопје, застапувано од Управител Александар Петрески и Управител Јури Богомилов Катанов во понатамошниот текст: носител на набавка

Член 1

Предмет на овој Анекс на Договор е изменување и дополнување на одредбите на Договорот за јавна набавка на стоки - електрична енергија, со архивски број на договорниот орган 03-4464/1 од 18.04.2022 година и архивски број на носителот на набавката 0307/121 од 28.04.2022 година (во понатамошниот текст: основен договор), со цел усогласување со член 1 став 2 од Одлуката за посебни услови за трговијата на одделна стока бр.41-7778/1 од 09.09.2022 година на Владата на Република Северна Македонија, објавена во Службен Весник на Република Северна Македонија, број 197 од 9 Септември 2022 година и согласно член 119 став 1 точка 3 и став 2 од Законот за јавните набавки.

Член 2

Во член 3 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок од став 2, во периодот од 12.09.2022 година до 01.10.2022 година процентот на маржата ќе биде фиксен и истиот ќе изнесува 10%."

Член 3

Во член 4, ставовите 2, 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Вкупната максимална вредност на договорот за набавка на електрична енергија изнесува 15.600.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Данокот на додадена вредност пресметан на износот од став 1 на овој член изнесува 2.808.000,00 денари.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 629
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 18.408.000,00 денари."

Член 4

Во член 15 став 1 зборовите „од 12 (дванаесет) месеци" се менуваат и гласат „до 01.10.2022 година"

Во став 2 зборовите „12 месеци или до негово вредносно исполнување, во зависност од тоа што попрво ќе истече или ќе се исполни" се менуваат и гласат до „01.10.2022 година".

Член 5

Одредбата од член 2, ќе отпочне да се применува од 12.09.2022 година.

Одредбите од член 3 ставови 1, 2 и 3 и член 4 ставови 1 и 2, ќе отпочнат да се применуваат со денот на потпишувањето на овој Анекс на договор од двете договорни страни.

Член 6

Сите останати одредби предвидени со основниот договор за јавна набавка на стоки - електрична енергија остануваат во сила во целост како што се усогласени и прифатени од договорните страни.

Член 7

Овој Анекс е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја од договорните страни.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија
Р.Бугарија
подружница во Република Македонија

УПРАВИТЕЛ
Јури Богомилов Катанов, преку
полномошник Александар Гигов

УПРАВИТЕЛ
Александар Петрески

Изработил: Ана Јањиќ
Контролирал: Билент Мустафоски
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска - Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст